РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1409-29/4
24. 09 20 20 год.
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 6 седница одржана на 26.08.2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за акредитација на студиската програма „Финансии, банкарство и осигурување", од прв циклус (додипломски) академски студии на Економски факултет при Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје

1. Се акредитира студиската програма „Финансии, банкарство и осигурување", од прв циклус (додипломски) академски студии на Економски факултет при Универзитет за туризам и менаџмент – Скопје согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран економист,финансии, банкарство и осигурување; во меѓународен промет академски назив Bachelor of Economics, Finance, Banking and Insurance.
Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 503 Економски науки
Научно – истражувачка област:. 50300 - Економска теорија 50302 - Применета економија 50305 - Економски развој 50306 - Регионална економија 50307 - Меѓународни економски однсои 50308 - Фискална економија 50309 – Меѓународна економија 50312 – Економика на јавни служби 50313- Економика на трговија 50321 - Банкарство 50325 - Маркетинг 50326 - Финансии 50327 - Економска статисика 50328- Сметководство 50329 - Друго 50602 -Системи на управување 50607 - Финансиско управување 50622 - Управување со човечки ресурси

4. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената

студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 20 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената одлука бр. 02-427/3/3 од 15.11.2019 година од страна на Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма од прв циклус на студии „ Финансии, банкарство и осигурување “ на Економскиот факултет при Универзитет за туризам и менаџмент – Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр. 1409-29/2 од 31.01.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409-29/3 од 01.09.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 6-та седница одржана на 26.08.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски